ПРЕДЛАГАЧ: Павле Трајанов

П Р Е Д Л О Г – З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, јуни 2015 година

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесувам Предлог на закон за изменување на Изборниот законик.

ПРАТЕНИК:

Павле Трајанов

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Со Изборниот законик на Република Македонија се уредени начинот, условите и постапката за избор на претседател на Република Македонија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје, начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места. Од моментот на осамостојувањето, изборниот модел на Република Македонија, претрпе неколку битни промени. За првите парламентарни избори во 1990 и во 1994 година, карактеристични се следниве елементи од изборната техника, утврдени со тогаш важечкиот Закон за избор и отповик на пратеници и одборници (1990): кандидирање на најширока основа; мали изборни единици; поединечни избори и распределба на мандатите со примена на мнозинскиот систем со апсолутно и релативно мнозинство гласови. На пример, во 1990 година 18 политички партии и една општествена организација предложиле во 120 изборни единици 1.115 кандидати за 120 пратенички места. Група граѓани предложила 43 кандидати. Во 1994 година пак, 28 политички партии предложиле 1.482 кандидати за 120 пратенички места. Група на граѓани предложила 283 кандидати. Станува збор за поединечни или за униноминални избори. Севкупната државна територија била поделена на 120 зборни единици во 34 општини за 120 пратенички места, врз основа на принципот: еден пратенички мандат – една изборна единица. Распределбата на мандатите во Собранието е извршена врз основа на мнозинскиот систем со апсолутно (во првиот круг) и со релативно мнозинство гласови (во вториот круг).

Со донесувањето на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во 1998 година, се напушта апсолутната доминација на мнозинскиот модел, за сметка на комбинираниот изборен модел кој предвидувал 85 пратенички места врз мнозинскиот модел и 35 пратенички места врз пропорционалниот модел.

Во 2002 година се воведува пропорционалниот модел за распределба на сите 120 пратенички места, со поделба на државната територија на шест изборни единици, од кои во секоја изборна единица се избираа по дваесет пратеници.

Квотата од 30% е вградена за прв пат со Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија од 2002 година, со цел да се обезбеди

поголема застапеност на жените во парламентарното тело (*„рамноправноста на половите како најсуптилно мерило за степенот на демократијата“*).

Пропорционален изборен дизајн претставува обележје и на современото изборно право и на изборниот систем на Република Македонија: на парламентарните избори се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што, територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици (во секоја од нив се избираат по 20 пратеници), а тројца пратеници (од редовите на дијаспората) се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија (чл. 4 ст. 2 од Изборниот законик).

Согласно Законот, во изборните единици бројот на избирачите може да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица, со исклучок на изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија (ст. 3).

Денес, повеќето автори пропорционалниот изборен дизајн го сметаат за особено важен за државите од групата на понови демократии меѓу кои се вбројува и Република Македонија, пред сè, поради тоа што може ваквиот концепт може да обезбеди соодветна вклученост на сите позначајни актери како еден од клучните услови за демократска консолидација. Сумарно земено, предноста на пропорционалниот изборен модел е во основното правило врз кое се заснова и самиот систем, а тоа е вршење на распределбата на мандадите во зависност од уделот на гласови освоени од страна на одредени кандидати или политички партии. Како таков, системот е базична точка на концептот за консензуална демократија и обезбедува поголема умереност помеѓу политичките партии.

Илузорно е, меѓутоа, да се верува дека постојниот систем со неговите варијабли и недоследности претставува некаков совршен модел кој не треба да подлежи на натамошни измени. Оваа идеја во последниов период доби на значење, како на домашно, така и на компаративно ниво.

Главна критична точка на домашното политичко тло претставува определбата за поделба на територијата на државата на повеќе изборни единици, коешто решение во видна мера, води кон бипартизацијата, опстојување на вграден биполарен систем, во кој две главни политички опции ја делат власта.

Еден од најбезболните начини за враќање кон политичкиот плурализам е токму оној кој налага натамошна ревизија на одредбите од Изборниот законик, така што целата државна територија би се обликувала во една изборна единица со отсуство на изборен праг, овозможувајќи им и на помалите политички партии, како и на партиите на помалите етнички заедници, да го остварат своето право на претставување. Во актуелната поставеност на системот, нивните гласови се поделени во шест изборни единици и во ниту една од нив, тие не успеваат да соберат доволно за да добијат пратеник.

Компаративно гледано, во Хрватска, а така и во Словенија, во последниве неколку години се јавува силно движење за трансформирање на постојниот модел, т.е. приклонување кон определбата цела држава - една изборна единица.

И во Србија, со усвојувањето на новиот Изборен законик, државната територија е сведена на една изборна единица, на која се избираат 250 пратеници. Српскиот законодавец имено, увидел дека поделбата на повеќе изборни единици, со оглед на територијата на Србија е недопустливо решение. Главен проблем во моментов претставува постоењето на висок изборен праг - 5 проценти, кој за своја директна потиснувањето на помалите политички партии од работата на законодавниот дом.

Главните аргументи кои говорат во прилог на ваквиот концепт, наоѓаат свое упориште во настојувањето за поедноставување на изборниот модел и зајакнување на демократските вредности на држата.

Определбата согласно која целата државна територија ќе претставува една изборна единица ја следи и Изборниот законик на Косово, вклучително и Изборниот законик на Црна Гора: територија на државата претставува една изборна единица, со изборен праг од три проценти. Распределбата на мандатите се врши со примена на Донтовиот Модел, а четири претставници се резервирани за оние од редот на малцинствата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик на Република Македонија се заснова врз основните начела и гаранции наведени во Уставот на Република Македонија (чл. 22) и во Изборниот законик (чл. 3), кои уште одамна се препознаени како суштински карактеристики на избирачкото право во развиените демократски земји: општо, еднакво, непосредно и тајно избирачко право.

Примарната цел на Законот е во создавањето услови за натамошно јакнење на политичкиот плурализам како една од главните одредници за демократскиот поредок на државата, преку востановување гаранции за ефикасно остварување на правата на граѓаните и оживотоворување на идејата за претставничката демократија во нејзината вистинска смисла и значење.

Со предвидените законски решенија се овозможува надминување на бројните негативни реперкусии по однос на демократските процеси на државата и тоа, по пат на редизајнирање на постојниот изборен модел, чијашто примена во битна мерка, ќе придонесе за редуцирање на можностите за кршење на изборните правила, а пак, составот на законодавниот дом ќе претставува реален одраз на волјата на граѓаните.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложените законски одредби нема да предизвикаат дополнителни материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 63/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014 и 30/2014), во член 2 став (1) точка 21), зборовите "изборната единица" се заменуваат со зборовите "во единствената изборна единица".

Член 2

Во член 4 став (2), зборовите „при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници" се заменуваат со зборовите „при што територијата на Република Македонија претставува една изборна единица.".

Ставот 3 се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).

Член 3

Во член 6 став (1) зборовите, „со постојано живеалиште во изборната единица" се заменуваат со зборовите „со постојано живеалиште на територијата на Република Македонија".

Член 4

Во член 33 став (2) зборовите "изборните дејствија во изборните единици", се заменуваат со " изборните дејствија во единствената изборна единица".

Член 5

Во член 37 став (2) точка 14), зборовите "ги сумира резултатите според изборните единици за избирачките места за кои е таа надлежна и според нивната припадност на изборната единица" се заменуваат со зборовите "ги сумира резултатите во единствената изборна единица од избирачките места на територијата за кои е таа надлежна".

Во точката 15, зборовите "од избирачките места за кои е надлежна", се бришат.

Член 6

Во член 41 ставот (7) се брише.

Ставовите (8),(9),(10) и (11) стануваат ставови 7,8,9 и 10

Во ставот 8 кој станува став 7, "за секоја изборна единица" се заменуваат со зборовите "за единствената изборна единица"

Член 7

Во член 58 став (3) се брише.

Член 8

Во член 60 став (4), зборовите "односно изборната/те единица/и" се заменуваат со зборовите, "во единствената изборна единица".

Член 9

Во член 61 став (1) зборовите "изборната единица" се бришат.

Член 10

Во член 63 став (4) зборовите "подрачјето на изборната единица," се бришат.

Член 11

Во член 64 став (2),се менува и гласи:

"Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи: назив на листата, име и симбол ако го има, на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за и ги содржи кандидатите кои се избираат на територијата на Република Македонија која претставува една изборна единица, со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и изјава за припадност на одредена заедница.".

Член 12

Во член 67-в став (3), зборовите "изборната единица" се заменуваат со зборовите "единствената изборна единица".

Член 13

Во член 69 став (2) зборовите "изборните единици" се заменуваат со зборовите "единствената изборна единица".

Член 14

Во член 84 зборовите „во изборната единица" се заменуваат со зборовите „во единствената изборна единица."

Член 15

Во член 86 став (2) зборовите "изборната единица" се бришат.

Член 16

Во член 124 зборовите "на соодветната изборна единица " се заменуваат со зборовите "на нејзината територија".

Член 17

Во член 125 став (2) зборовите, " изборната единица " се заменуваат со зборот "територијата", а зборовите "на ниво на изборна единица" се бришат.

Член 18

Во член 127 став (1) зборовите „во изборните единици" се заменуваат со зборовите во" единствената изборна единица".

Ставот (3) се менува и гласи:

"Државната изборна комисија ги утврдува резултатите според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од општинската изборна комисија, за избирачките места во територијата за која е надлежна".

Во став (5) зборовите "места во изборната единица", се заменуваат со зборовите " места во единствената изборна единица".

Во став (6) зборовите "изборната единица" се заменуваат со зборовите "единствената изборна единица"

Член 19

Во член 128 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето составува записник."

Во став (2) алинеа 2 зборовите "за изборната единица", се заменуваат со зборовите "за единствената изборна единица".

Член 20

Во член 151 став (3), зборовите „на ниво на изборна единица, град,односно општина" се бришат.

Член 21

Во Член 175 став (1) зборот "девет" се заменува со "четири", а во табелата зборовите "ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 2", „ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 3", "ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 4", "ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 5" и "ИЗБОРНА ЕДИНИЦА 6" се бришат.

Во ставот (2) алинеа 1 бројот "7" се заменува со бројот "2",

Во алинеа 2 бројот "8" се заменува со "3" и

Во алинеата 3 бројот "9" се заменува со бројот "4".

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ
ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување на Изборниот законик на Република Македонија содржи дваесет и два члена.

Со членот 1 се врши техничко усогласување на постоечкиот закон со измените во предлог-законот.

Со членот 2 се врши редефинирање на постојниот изборен модел за поделба на територијата на Република Македонија на шест изборни единици (член 4 став 2 и 3) и тоа, во пресрет на решението кое се покажува како најцелисходно: целта е остварување на концептот според кој законодавното тело треба да претставува рефлексија, вистинско огледало на волјата на граѓаните.

Со членот 3 се врши измена на постоечкиот закон односно зборовите "со постојано живеалиште во изборната единица се заменуваат со зборовите "со постојано живеалиште во Република Македонија, со што би требало да им се овозможи на граѓаните да полесно го остварат своето право на гласање.

Со член 4 се врши се врши техничко редифинирање на поимите од постоечкиот изборен законик, односно зборовите една изборна единица се заменуваат со зборовите единствената изборна единица. Со ова Изборниот законик се усогласува со новите измени што се предлагаат до предлог-законот.

Со член 5 се заменуваат зборовите изборна единица, како и се бришат зборовите избирачките места за кои е надлежна, со што се усогласува изборниот законик со предлог-законот.

Со членовите 6 до 10 се врши усогласување односно техничко редефинирање на поимите од изборниот законик, односно ставот (7) и ставот (3) од членовите 41 и 58 се бришат, додека во членовите 60, 61 и 63 зборовите изборна единица се прилагодуваат кон новиот предлог-закон.

Со членот 11 се врши измена на член 64 став 2 кој е менува и гласи: "Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи: назив на листата, име и симбол ако го има, на подносителот на листата,име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за и ги содржи кандидатите кои се избираат на територијата на Република Македонија која претставува една изборна единица, со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и изјава за припадност на одредена заедница.“ Со ова се врши усогласување на Изборниот законик со новите измени наведени во Предлог-Законот.

Со членовите 12 до 17 се бришат или пак се заменуваат зборовите изборни единици со зборовите единствена изборна единица.

Со член 18 се врши измена на член 127, во кој со ставот 1 се заменуваат зборовите "една изборна единица" со зборовите во "единствената изборна единица", додека ставот (3) се менува и гласи:

"Државната изборна комисија ги утврдува резултатите според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на суминарите резултати од општинската изборна комисија, за избирачките места во територијата за која е надлежна". Со овие измени, всушност се врши измена во работата на Државната изборна комисија.

Со член 19 се менува членот 128, односно ставо 1 кој сега гласи: "Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето составува записник". Со ставот 2 пак се врши техничко усогласување на изборниот законик со новиот предлог закон, со што зборовите "изборна единица" се заменуваат со зборовите за "единствената изборна единица".

Со член 20 се врши измена на постоечкиот Изборен Законик со новиот предлог закон со што зборовите "на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина се бришат".

Со член 21 се врши измена во член 175 став (1), со што се врши промена во бројот на изборните единици со што Република Македонија, би станала една изборна единица, додека би останале трите изборни единици во странство, но тие изборни единици сега место 7,8 и девет би биле 4,5 и 6,со што во Република Македонија би се остварил концептот на една изборна единица, со што граѓаните би го оствариле полесно своето демократско право на гласање.

Со член 22 се уредува влегувањето во сила на законот и отпочнувањето на неговата примена.

Позитивните страни на моделот на една изборна единица би биле огромни за Република Македонија: *прво,* ваквиот приод ќе овозможи реално претставување на волјата на граѓаните, но и редуцирање на трошоците на Државната изборна комисија. Седно, примената на овој принцип (цела територија на државата - една изборна единица), не ѝ е непозната на РМ: изборниот систем во 1998 година функционираше токму врз споменатава техника, која во значителна мера, придонесе за јакење на демократскиот поредок на државата.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со измените кои се предлагаат се предвидува измена на членот 4 од Изборниот законик, така што, наместо досегашната поделба на државната територија на шест изборни единици, се оди кон акцептирање на моделот *цела државна територија – една изборна единица.*

Евидентно е дека во последнава декада, македонскиот политички систем премина од повеќепартиски ситем кон биполарен систем, во кој две главни

политички опции ја делат власта. Она што посебно загрижува, се должи на самиот факт дека при последните избори, политичкиот систем во земјава скоро и да ги понесе сите суштински карактеристики на биполарен систем, со една доминантна политичка опција, слично на пропорционалниот систем на Јапонија. Тоа, првенствено се огледна низ слабата улога на опозицијата, која како една стара политичка елита, повеќе нема што да понуди на широките народни маси, препуштајќи ја полека својата моќ, на другата - владеачка политичка опција.

Еден од најбезболните начини за враќање кон политичкиот плурализам е токму оној кој налага ревидирање на одредбите од Изборниот законик, во насока на адоптирање на решението според кое целата државна територија би се обликувала во една изборна единица со отсуство на изборен праг, како би им се овозможило и на помалите и на малцинските политички опции да го остварат своето право на претставување.

Крајниот исход од реформата на изборниот систем и те како е во интерес на самите граѓани: тие нема да го дадат својот глас поради нечии интереси, туку водејќи сметка за сопствените интереси! Доколку се следат трендовите на државите од поблиското и од поширокото соседство, без особени потешкотии може да се констатира дека повеќето од нив следат тенденција на прифаќање на овој модел и како резултат на тоа, бележат позитивни тенденции на јакнење на политичкиот плурализам.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОИ ПОДЛЕЖАТ НА ИЗМЕНУВАЊЕ

Изборен законик („Сл. весник на Република Македонија,“ бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 63/2008, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13 и бр.14/14)

Член 2

21. „Изборен процес" е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица ка-де што се врши изборот.

3. Изборен модел

Член 4

(1) Избор на претседател на Републиката се врши на територијата на Република Македонија и во дипло матско - конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, како една изборна единица според мнозинскиот модел.

(2) Во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници и тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија утврдени со овој законик.

(3) Во изборните единици бројот на избирачите мо-же да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица по исклучок во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.

(4) Изборот на членови на советите се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според пропорционалниот модел.

(5) Изборот за градоначалник се врши на подрачјето на општината, односно градот Скопје според мнозинскиот модел.

Член 6

(1) Право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност и е со постојано живеалиште во изборната единица, општината, односно градот Скопје кадешто се врши изборот.

Член 33

(2) Општинските изборни комисии се со седиште во општините утврдени во ставот (1) на овој член и се надлежни за спроведување на изборните дејствија во изборните единици и избирачките места определени со овој законик.

Член 37

14) по спроведувањето на изборите за пратеници во Собранието, врз основа на записниците од избирачките места, ги сумира резултатите според изборните единици за избирачките места за кои е таа надлежна и според нивната припадност на изборната единица;

15) во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на Државната изборна комисија;

Член 41

(7) Во Избирачкиот список граѓаните се запишуваат според општината на чие подрачје имаат живеалиште.

(8) Од Избирачкиот список се изготвуваат изводи за секоја изборна единица, општина и избирачко место

Член 58

(3) При спроведувањето на парламентарните избори, подносителот на листите од ставот (1) на овој член во изборните единици во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, поднесувањето на листите на кандидати може да се врши покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребуваат граѓаните во таа единицата на локалната самоуправа.

Член 60

(4) Договорот за коалицирање од ставовите (2) и (3) на овој член го склучуваат претставниците на политичките партии кои настапуваат заедно и тој го содржи името на коалицијата, симболот, општината/те односно изборната/те единица/и во која настапуваат заедно.

Член 61

(1) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, е потребно да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.

Член 63

(4) Избирачите кои ја поднесуваат листата треба да имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на изборната единица, општината, односно градот Скопје.

Член 64

(2) Поднесената листа на кандидати за пратеници содржи: број на изборна единица, назив на листата, име и симболот ако го има на подносителот на листата, име и презиме на носителот на листата, име и презиме на секој кандидат за пратеник и содржи онолку кандидати колку што се избираат во изборната единица со означување на нивното постојано живеалиште, единствен матичен број на граѓанинот и изјава за припадност на одредена заедница.

Член 67-в

(3) Ако некој од потврдените кандидати на кандидатска листа умре во период пократок од десет дена пред денот на одржувањето на изборите, ќе се постапи на начин што кандидатот кој е починат, а е избран за пратеник ќе се замени со првиот нареден кандидат кој не е избран а предложен од политичката партија која ја предложила кандидатската листа, односно еден од наредните кандидати кој не е избран, а ќе го предложи носителот на коалицијата. Кандидатот кој починал, а е избран од независна листа во изборната единица се заменува со првиот нареден кандидат кој не е избран од таа листа.

Член 69

(2) Државната изборна комисија утврдените единствени листи на кандидати за пратеници во изборните единици ќе ги објави во дневниот печат од кој еден е на јазикот на заедницата што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, најдоцна 23 дена пред денот определен за одржување на изборите.

Член 84

При финансирањето на изборната кампања, учесникот во изборната кампања може да потроши најмногу до 180 денари по запишан избирач во изборната единица, односно општината за која има поднесено листа на кандидати, односно листа на кандидат во првиот и вториот круг на гласање

Член 86

(2) Право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Републиката, кандидат за пратеник, кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник во висина од 15 денари по добиен глас ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката, изборната единица односно општината.

Член 124

Општинската изборна комисија во рок од 5 часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори за кои таа е надлежна ги сумира резултатите од гласањето за листите на кандидати од избирачките места на соодветната изборна единица.

Член 125

(2) Во записникот за гласањето се внесуваат податоци за сумираните гласови од гласањето, и тоа: редниот број на избирачките места во изборната единица за која е надлежна, вкупниот број на избирачи за тие избирачки места запишани во изводите од Избирачкиот список, вкупниот број на избирачи што гласале, вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале, вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати на ниво на изборна единица од избирачките места за кои таа општинска изборна комисија е надлежна.

Член 127

(1) Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во изборните единици.

(2) Државната изборна комисија резултатите од гласањето ги утврдува врз основа на записниците со сумираните резултати од надлежната општинска изборна комисија и целокупниот изборен материјал.

(3) Државната изборна комисија резултатите ги утврдува одделно за секоја изборна единица, според бројот на вкупните гласови што ги добиле листите на кандидати одделно врз основа на сумираните резултати од општинската изборна комисија за избирачките места во изборната единица за која е надлежна.

(4) Утврдувањето на резултатите од изборите се врши со примена на Д'Хондтовата формула.

(5) По утврдувањето на вкупниот број дадени гласови за тој број на кандидати во изборната единица (таканаречена избирачка маса), секоја листа одделно се дели со низот делители 1, 2, 3, 4 итн. се додека не се распределат според определениот принцип сите пратенички места во изборната единица.

(6) Количниците од делењето од ставот (5) на овој член се редат по големина при што се релевантни онолку најголеми количници колку што се избираат прате-ници во изборната единица.

(7) Листата на кандидати добива толкав број на пратенички места колку што има најголеми количници од бројот на количниците од ставот (6) на овој член.

(8) Ако во доделувањето на последното пратеничко место се јават два идентични количника, мандатот се доделува со ждрепка.

(9) При распределбата на пратеничките места за избрани се сметаат онолку кандидати колку што места добила листата.

(10) Од листата на кандидати се избрани кандидатите наведени во листата според утврдениот редослед.

Член 128

(1) Државната изборна комисија за утврдувањето на резултатите од гласањето во изборната единица составува записник одделно за секоја изборна единица.

(2) Во записникот се внесуваат податоци за резулта-

тите од гласањето, и тоа:

- вкупниот број на избирачки места,
- вкупниот број на избирачи запишани во изводите од избирачкиот список за изборната единица,
- вкупниот број на болни и немоќни лица,
- вкупниот број на избирачи што гласале,
- вкупниот број на неважечки ливчиња,
- вкупниот број гласови што ги добила секоја листа на кандидати одделно,
- бројот на добиени пратенички места од листата на кандидати и
- името и презимето на избраните кандидати.

Член 151

(3) Државната изборна комисија со решение ќе го повтори гласањето на гласачките места во случаите од ставот (1) на овој член каде што гласањето е поништено само ако вкупниот број на запишани избирачи на тие избирачки места на ниво на изборна единица, град, односно општина влијае врз вкупните резултати.

Член 175

(1) Во Република Македонија се утврдуваат девет изборни единици